Association for action against violence and
trafficking in human beings
Open Gate / La Strada
www.lastrada.org.mk / lastrada@lastrada.org.mk
02 2 700 107
SOS: 0800 11 111

ОТВОРЕНА ПОРТА
AGAINST VIOLENCE AND TRAFFICKING

# МОНИТОРИНГ И АНАЛИЗА НА НАПИСИ И ИЗВЕШТАИ ЗА РАДИКАЛИЗАЦИЈА И НАСИЛЕН ЕКСТРЕМИЗАМ ОБЈАВЕНИ ВО ПЕЧАТЕНИ И ЕЛЕКТРОНСКИ МЕДИУМИ

**ЈАВЕН ПОВИК за:**

Истражувач ( или компанија/организација) за спроведување следење и анализа за начинот на медиумско покривање на теми за радикализација и насилен екстремизам во Северна Македонија, и изработка на финален извештај

***За потребите на Здружението за акција против насилство и трговија со луѓе – Отворена порта / Ла Страда Македонија***

Отворена порта - Ла Страда е здружение на граѓани, кое ги промовира човековите права и ги застапува интересите и потребите на лицата кои се под ризик или претрпеле насилство и трговија со луѓе преку превенција, социјална поддршка и лобирање на национално и европско ниво преку членството во Ла Страда Интернационална- Европска мрежа за борба против трговија со луѓе.

*НИЕ обезбедуваме заштита, зајакнување на капацитетите и интеграција на тргуваните лица и другите ранливи групи во општеството.*

***Позадина на проектот***

Проектот „Градење на отпорни и инклузивни заедници“, ја поддржува целта да се изградат локални отпорни заедници против насилниот екстремизам и радикализација преку градење капацитети и поддршка на заедниците и ранливите групи во процесот на П/СНЕ[1] и рехабилитација и реинтеграција (РР) во земјата. Со интервенцијата, проектот се стреми да ги зајакне постојните институционални П/СНЕ и РР на централно и локално ниво за да ги направи одговорни преку активно ангажирање во процесот на П/СНЕ и РР за лицата на кои им е потребна, и да ги зајакне заедниците да станат отпорни против насилниот екстремизам, преку промовирање на социјална кохезија и алтернативи. Активностите на проектот се усогласени и компатибилни со националните стратешки документи за П/СНЕ и националниот план на земјата соодветно да се справи со овие прашања и да ги подобри услугите притоа обезбедувајќи соодветна поддршка на поединците и заедниците на кои им е потребна. Активностите ќе бидат фокусирани на спроведување на проценка на социо-економските аспекти од насилниот екстремизам , развој на оперативни документи и

[1] Превенција на насилен екстремизам и спротивставување на насилен екстремизам.

градење на капацитетите на државните институции на централно и локално ниво и другите вклучени актери, олеснување на размена на искуства во рамките на балканскиот регион и активности кои ќе го поддржат ангажманот на заедницата и социјалната кохезија за учениците, локалните актери, медиумите и религиозните групи.

Отворена порта ќе ангажира експерт/и или аналитичар/и кој ќе подготви монитоиринг извештај фокусиран на предизвиците и ќе даде препораки за понатамошно дејствување  како резултат на едногодишните активности во насока на мониторингот и анализата на медиумското покривање на конкретната тема.

***Цел, опсег и задачи***
Преглед на медиумите, набљудување и анализа на известувањето во медиумите за насилен екстремизам и тероризам.

Во период од една година давателот на услуги ќе треба да врши  мониторинг и анализа со цел да се утврди начинот на кој медиумите  известуваат во однос на насилниот екстремизам, радикализам и тероризам, терминологијата којашто се користи за ова прашање, истражувањето на изворите на информации, видот на пораките кои се пренесуваат, како и начинот на контектстуализирање на информациите што ги пренесуваат. Врз основа на мониторинг и наодите, давателот на услуги ќе подготви извештај фокусиран на предизвиците и ќе даде препораки за понатамошно дејствување како резултат на сите претходно наведени активности  Доколку во текот на месецот нема објавени написи и извештаи, или пак говор на омраза  во однос на прашањето за насилен екстремизам, радикализам и тероризам, се препорачува истражувачот да ги опфати медиумите од балканскиот регион.

**Конкретен резултат:** Периодичен на секој три месеци и финален извештај од прегледот на медиумите, следењето и анализата на покривањето на медиумите

***Испораки на резултати***

- ✓ *Прегледување и  собирање на  објавените материјали поврзани со прашања за насилен екстремизам, радикализам и тероризам во медиумите во Република Северна Македонија*
- ✓ *Осврт  и анализа  на начинот на известување во однос на насилниот екстремизам, радикализам и тероризам, терминологијата која се користи за конкретното прашање, истражување на цитираните извори, видот на пораки коишто се пренесуваат и начинот на кој се контекстуализираат  овие информации во Република Северна Македонија*
- ✓ *Изработка на периодични тримесечни извештаи и финален истражувачки извештај со заклучоци и препораки.*
- ✓ *Презентација на финалниот извештај*

Сите наведени активности Прес-преглед и анализа на медиумското покривање треба да се спроведува во период од 1 година почнувајќи од 10. јуни 2022  до 10. мај 2023 година.

***Квалификации за давателот на услугата***

Давателот на услугата мора да ги исполнува следните карактеристики:

- ✓ Високо образование по новинарство, општествени науки, статистика, социологија, магистерска и докторат е значајна предност.
- ✓ Искуство во истражување, анализа, собирање и обработка на податоци
- ✓ Познавање и разбирање на контекстот и искуство во спроведување на активности поврзани со П/СНЕ ќе се смета за предност
- ✓ Свесност за локалната динамика и етичките размислувања при собирањето податоци;
- ✓ Зрелост и професионална способност за ракување со чувствителни информации и способност за почитување на доверливоста на таквите информации додека работите со Отворена Порта, па дури и по завршувањето на договорот.

***Процес на аплицирање***

Предлозите треба да бидат на македонски јазик, да ја следат структурата и/или да се усогласат со барањата наведени подолу:

✓ Предлог Методологија

✓ Кратка биографија не подолго од 3 страни или истражувачко портфолио на организацијата (доколку понудувачот е правно лице)

✓ Најмалку 2 претходно спроведени релевантни истражувања на медиумски прилози (да се приложат како посебни документи)

***Краен рок за поднесување на апликацијата***

Предлозите треба да се испратат до **Здружението за акција против насилство и трговија со луѓе Отворена порта до 3 јуни 2022 на kontakt@lastrada.org.mk.**

Апликантот во предметот ќе цитира **„Апликација за прес-преглед и анализа на медиумското покривање за радикализација и насилен екстремизам во Северна Македонија “.**